Упатство за употреба на медиа приемникот 102
Издание: од 01/2011

Посетете нѐ во продавниците на МакедонскиТелеком
или на интернет: www.t-home.mk

**Издавач:**
Македонски Телеком
Ул. Орце Николов 6б
1000 Скопје

Сподели доживувања

# Медиа приемник 102
# Упатство за употреба




## Најзначајните копчиња за користење на MaxTV

Функциите на сите копчиња се детално прикажани на следната страница.

**Power**
ⓘ Копчето го вклучува и исклучува медиа приемникот. Кога приемникот е исклучен со ова копче, истиот се наоѓа во состојба на приправност (Stand-by).

**Mode**
Mode Префрлување на режимот на работа на далечинскиот управувач од медиа приемникот на телевизорот.

**Копчиња за менување на програми /прелистување**
P+ P– Служат за промена на ТВ каналите при гледање телевизија или за прелистување на категориите во MaxTV менито.

**Копчиња со стрелки**
Овозможуваат пребарување на MaxTV менито како на пример на главното мени, програмскиот водич или преглед на програмата во живо преку функционалноста слика во слика.

**Menu**
Menu Го отвора главното мени.

**OK**
OK Го потврдува изборот.

**Програмски водич**
EPG Го отвора електронскиот програмски водич (Electronic Programme Guide).

**Options**
Options Со ова копче се обезбедени дополнителни функционалности, на пример во програмскиот водич или при користење на функционалноста пребарување.

**Back**
Back Се враќа еден чекор назад во менито.

**Exit**
Exit Го затвора тековното мени.

**Копчиња за контрола на звук**
Ја регулираат јачината на звукот.

**Info**
i Прикажува дополнителни информации за тековните и претстојните програми или за видео материјали.

## Преглед на далечинскиот управувач

### Mode

Mode **Копчето Mode:** се користи за префрлување на режимот на работа на далечинскиот управувач од медиа приемникот на телевизорот.

Receiver TV **Индикатор на состојба:** означува во кој режим на работа функционира далечинскиот управувач.

**Power:** копчето го вклучува и исклучува медиа приемникот. Кога приемникот е исклучен со ова копче, истиот се наоѓа во состојба на приправност (Stand-by).

### Алфанумерички копчиња

1-0 ABC за внесување на бројки (на пример за избор на канали, внесување на персонален идентификациски број (PIN)), или букви на ист начин како што се пишува СМС - порака (на пример за користење на функционалноста пребарување).

**Бришење:** го брише внесениот податок.

**Потврда:** го потврдува внесениот податок.

### Навигација

EPG **Програмски водич:** го отвора електронскиот програмски водич (Electronic Programme Guide).

Options **Options:** обезбедува дополнителни функционалности, на пример во програмскиот водич или при користење на функционалноста пребарување.

**Копчиња со стрелки:** овозможуваат пребарување на MaxTV менито како на пример на главното мени, програмскиот водич или преглед на програмата во живо преку функционалноста слика во слика.

OK **OK:** го потврдува изборот.

Back **Back:** се враќа еден чекор назад во менито.

Exit **Exit:** го затвора тековното мени.

Menu **Menu:** го отвора главното мени.

**Копчиња во боја:** овозможуваат навигација во екранот со телетекст или навигација во други идни апликации.

P+ P– **Менување на програми/прелистување:** служат за промена на ТВ каналите при гледање телевизија или за прелистување на категориите во MaxTV менито.

### Контрола на звук

**Копчињата за контрола на звук:** ја регулираат јачината на звукот.

**Mute:** го вклучува и исклучува звукот.

### Play копчиња

**Play/Pause:** ја сопира тековната телевизиската програма, а со повторно притискање на копчето, продолжува програмата од моментот во кој е сопрена. Исто така, служи и како копче за пуштање и паузирање на содржина изнајмена од MaxTV видеотеката или на друг снимен материјал.

**Stop:** го сопира емитувањето на содржината изнајмена од MaxTV видеотеката или на друг снимен материјал.

**Wind:** брзо премотува напред или назад (повеќекратното притискање ја зголемува брзината на премотување).

**Record:** со директно притиснување на копчето, започнува снимање на тековната програма. Исто така служи и за закажување на снимање на програма што ќе се емитува подоцна.

**Skip back:** враќа назад 7секунди.

**Skip forward:** премотува напред 30 секунди.

### Останати функции

**Телетекст:** го отвора екранот со телетекст. Користете го копчето Exit за излез од екранот со телетекст.

**Info:** прикажува дополнителни информации за тековните и претстојните програми или за содржините од MaxTV видеотеката.

**Radio:** копчето нема функција – наменето за идни функционалности.

**Videoload:** ја отвора видеотеката.

**My recordings:** ги отвора снимените содржини од категоријата Снимени содржини.

**Swap:** врши префрлување на еден од последните пет гледани канали.



# Добредојдовте

Ви благодариме што се одлучивте за MaxTV услугата на Македонски Телеком. MaxTV Ви нуди избор од различни ТВ канали со дигитален квалитет, како и можност на лесен начин да изнајмите видео содржини од MaxTV видеотеката.

За реализација на MaxTV услугата потребно е да имате:

- широкопојасна интернет конекција на Македонски Телеком
- еден од MaxTV пакетите
- уред за интегриран пристап
- медиа приемник

Медиа приемникот е подесен за употреба на MaxTV услугата.

Вашиот нов приемник го поддржува стандардот HDTV (High Definition), така што со соодветен телевизор, можете да гледате филмови и други содржини со дигитален квалитет и резолуција на сликата до 1080i.

Ве молиме, да одвоите малку време да се запознаете со медиа приемникот 102, за да можете да уживате во многучасовна забава.

# Содржина


1 Безбедносни информации 4

Технички услови 5

Предупредувања, совети и препораки 5

2 Поврзување и инсталација на медиа приемникот 6

Подготовка 6

Проверка на содржината на пакетот 6

Поставување на батерии во далечинскиот управувач 7

Локација на инсталација и употреба 7

Приказ на предната страна на приемникот 8

Приказ на задната страна на приемникот 9

Инсталација и вклучување 10

Квалитет на слика 10

Детали за поврзувањата 12

LAN-порта (мрежен приклучок) 12

HDMI-порта 13

SCART-излез (SCART OUT) 14

S-Video-излез 15

Аналоген стерео излез (аналоген аудио излез) 16

Дигитален аудио излез (оптички) 17

USB-порти 18

eSata-порта 19

**3** Функционирање на медиа приемникот 20
Далечински управувач 20
Употреба на услугата MaxTV 21
Навигација низ менито 21
Исклучување на медиа приемникот 21
Родителска контрола 21
Програмирање на далечинскиот управувач 22
Ресетирање на медиа приемникот 24

**4** Додаток 25
Гаранција 25
Решавање на проблеми и лоцирање на грешки 26
Служба за корисничка поддршка 27
Состојба на приправност (Stand by)/исклучен приемник 27
Чистење и одржување на медиа приемникот 28
CE симбол 28
Правни напомени 29
Технички податоци 30

**5** Индекс 31

**6** ТВ-база на податоци 33

**7** Забелешки 38

# 1 Безбедносни информации

Ве молиме да внимавате на следните предупредувања при позиционирање, поврзување и работење на медиа приемникот, за да се заштитите себеси и другите од физички повреди:

- Медиа приемникот може да се загрее додека работи.
- Оставете го уредот прво да се излади, па потоа ракувајте со него или чистете го!
- Никогаш сами не го отворајте медиа приемникот!
- Само овластени лица од Македонски Телеком смеат да ја сервисираат опремата.
- Приклучете го уредот во соодветните приклучоци за електрична енергија со вредности што се во согласност со вредностите наведени на плочката за декларација.
- Не ги допирајте приклучоците и конекторите со остри или метални предмети.
- Поставете ги каблите на начин да не постои ризик од нагазување или сопнување.
- Заштитете го медиа приемникот од влага, прашина, директна сончева светлина и топлина, како и од абразивни течности и испарувања.
- Медиа приемникот не смее да се користи во влажни простории (на пример во бања) или на места изложени на потенцијално експлозивни гасови.
- Поставете го уредот на стабилна подлога (што не се лизга), отпорна на топлина (да нема текстил!).
- Внимавајте отворите за ладење да не се покриени. Не поставувајте предмети врз уредот или пак директно до него. Опасност од пожар!
- Во секој случај осигурете се дека медиа приемникот се наоѓа подалеку од електрични апарати. Вградените мотори и магнетните поврзувања можат да предизвикаат нарушување на работата на медиа приемникот.
- Користете само одреден тип батерии CR 2032 за далечинскиот управувач.
- Користењето на други типови на батерии може да биде опасно и да доведе до нарушување на функцијата на уредот односно до негово оштетување.
- Не ги потопувајте батериите во вода и не ги фрлајте во оган, не ги расклопувајте или повторно поврзувајте. Во такви случаи може да дојде до ослободување на штетни електролити.
- Избегнувајте можен краток спој на уредот за време на чување и транспорт, на пример преку приврзок за клучеви, метални плочки и слично.
- Внимавајте батериите да не дојдат во контакт со масни состојки.
- Чувајте ги батериите во изолирано пакување кога не се во далечинскиот управувач.
- Избришете го медиа приемникот со мека, влажна ткаенина само кога е исклучен и изладен.
- Абразивни средства за чистење или растворувачи не се погодни за чистење на уредот.

Македонски Телеком не прифаќа одговорност за штетите кои произлегуваат од неправилна употреба на медиа приемникот.

**Внимание! Уредот содржи литиумски батерии. Во случај на нестручно менување или вадење на батериите постои опасност од експлозии. Заменете ги батериите со ист тип на батерии или со соодветни батерии кои се препорачани од производителот. Не ги фрлајте в ѓубре искористените батерии. Предадете ги старите батерии во специјалните пунктови за собирање на стари батерии.**

## Технички услови

Медиа приемникот е подготвен за работа под следните услови:

- широкопојасна интернет конекција на Македонски Телеком
- еден од MaxTV пакетите
- уред за интегриран пристап

## Предупредувања, совети и препораки

На голем број места ова упатство содржи важни предупредувања, совети и корисни препораки, означени на следниот начин:

**Внимание! Во секој случај мора да внимавате и да се придржувате на предупредувањата, во спротивно Ви се заканува опасност од нанесување на нематеријални и материјални штети!**

Совет: треба да внимавате и да се придржувате до едноставните напомени. На тој начин ќе избегнете неправилности.

Препорака: Со препораките добивате дополнителни корисни информации или насоки како да постигнете подобрување во работата на уредот!

# 2 Поврзување и инсталација на медиа приемникот

Ова поглавје Ви нуди краток преглед за Вашиот медиа приемник. Следниве упатства ќе Ве водат чекор по чекор во процесот на вклучување на уредот и поврзување на Вашата видео и аудио опрема.

## Проверка на содржината на пакетот

За да се осигурите дека опремата може да се инсталира без какви било проблеми, од суштинска важност е да ги имате сите делови и дополнителна опрема на располагање. Затоа, внимателно проверете ја содржината на пакетот. Добиениот пакет покрај упатството за употреба треба да ги содржи и следните индивидуални делови*:

1 Далечински управувач
2 Батерии
3 Кабел за поврзување на ел. напојување
4 HDMI-кабел
5 LAN-мрежен кабел
6 SCART-кабел
7 Медиа приемник




* Во случај да недостасуваат делови или истите се оштетени, Ве молиме да се обратите до нашата служба за корисничка поддршка на бесплатниот телефонски број 0800 12345.

## Поставување на батериите во далечинскиот управувач

За далечинскиот управувач се потребни две батерии (тип CR 2032), кои се содржани во пакетот. Кога ги менувате батериите, треба секогаш да ги замените двете батерии. Ставете ги батериите во далечинскиот управувач како што е опишано подолу:

1 Отворете го капакот на далечинскиот управувач, каде што се наоѓаат батериите.
2 Ставете ги батериите во преградата. Погрижете се батериите да ги поставите на соодветните полови. Соодветната положба е посочена на долниот дел на преградата за батерии.
3 Вметнете го врвот на капакот назад во лежиштето и притиснете надолу додека не легне во соодветната положба.



## Локација на инсталација и употреба

Медиа приемникот е наменет за употреба во затворени, суви простории со температура во опсег од 0° C до максимално + 35° C.

**Предупредување! Никогаш не го изложувајте уредот на директни извори на топлина или директна сончева светлина. Заштитете го уредот од влага, прав, абразивни течности и гасови.**




# Приказ на предната страна на приемникот

1 **Power** – копчето го вклучува и исклучува медиа приемникот. Кога приемникот е исклучен со ова копче, истиот се наоѓа во состојба на приправност (Stand by). Кога приемникот е вклучен копчето свети со бела боја, а кога е во состојба на приправност (Stand by) свети црвено.

2 **Record светлечки индикатор** – свети црвено кога се снима некоја емисија.

3 **USB-порта*** – за поврзување на периферна USB-опрема. USB-портата се наоѓа веднаш под капакот на кој се наоѓа симболот за USB. За да го отворите, Ве молиме полека притиснете ја левата страна од капакот. Постои уште една USB-порта на задната страна од приемникот.

* Софтверот на уредот во моментов нема поддршка за надворешни USB-уреди. Веднаш штом ќе биде овозможена поддршката, истата ќе Ви биде ставена на располагање по пат на автоматско ажурирање на софтверот на медиа приемникот.




# Приказ на задната страна на приемникот

1 **SCART OUT (SCART-излез**) – можете да го поврзете телевизорот на SCART-излезот.
2 **Analog Stereo (Аналоген аудио излез)** – може да се користи за поврзување на аналоген стерео систем, за да се зголеми квалитетот на звукот.
3 **S-Video-излез** – се користи за поврзување на телевизор преку S-Video-влезот.
4 **Дигитален аудио излез (оптички, S/PDIF)** – за поврзување со соодветен дигитален оптички влез на пример со засилувач или hi-fi систем.
5 **HDMI-порта** – овој приклучок се користи за поврзување на Вашиот HDTV компатабилен телевизор со употреба на HDMI-кабел.
6 **LAN-порта** (мрежен приклучок) – поврзете го Вашиот медиа приемник со LAN-портата на Вашиот уред за интегриран пристап.
7 **USB-порта*** – предвидена е за поврзување на периферна USB-опрема. Постои уште една USB-порта на предната страна од приемникот.
8 **eSata-порта*** – служи за поврзување на периферна eSata-опрема.
9 **Reset** – притиснете го копчето Reset, ако сакате да го вратите уредот со фабричките подесувања.
10 **Приклучок за електрично напојување** – поврзете го дадениот кабел за електрично напојување.
11 **Прекинувач за електрична енергија (Power)** – се користи за вклучување и исклучување на напојувањето со електрична енергија.

*Софтверот на уредот во моментов нема поддршка за надворешни USB и eSata-уреди. Веднаш штом ќе биде овозможена поддршката, истата ќе Ви биде ставена на располагање по пат на автоматско ажурирање на софтверот на медиа приемникот.




# Инсталација и вклучување

Следната слика ја илустрира типичната поставеност на инсталацијата.

1 Ако Вашиот телевизор е со HDTV (телевизија со висока резолуција) поддршка, со дадениот HDMI-кабел поврзете ја HDMI-портата на телевизорот со HDMI-портата на медиа приемникот.
Ако вашиот телевизор не поддржува HDTV, искористете го дадениот SCART-кабел за поврзување на SCART OUT-излезот на медиа приемникот со SCART IN-влезот на телевизорот.

2 Со дадениот мрежен кабел (LAN) поврзете ја LAN-портата на уредот за интегриран пристап со LAN-портата на медиа приемникот.

3 Поврзете го медиа приемникот на електрично напојување со дадениот кабел за електрично напојување.

4 Вклучете го медиа приемникот преку прекинувачот Power.

### Квалитет на слика

Вашиот медиа приемник обезбедува опсег на видео влезови каде што квалитетот на сликата значително варира. Следните информации ќе Ви помогнат да ја направите вистинската одлука за тоа кој видео влез е најсоодветен за Вашиот телевизор. Ве молиме да го проверите упатството за работа дадено за телевизорот за да можете да откриете кои влезови постојат на телевизорот и кои стандарди за пренос ги поддржува истиот.

| Стандард за пренос | Квалитет на слика | Врска помеѓу телевизорот и медиа приемникот |
|---|---|---|
| HDMI  | ★★★★★ | Доколку телевизорот е опремен со HDMI-влез: поврзете го HDMI-влезот на телевизорот и на медиа приемникот со употреба на приложениот HDMI-кабел. |
| HDMI со DVI-адаптер  | ★★★★★ | Доколку Вашиот телевизор не е опремен со HDMI-влез, но има DVI-влез кој што поддржува HDCP стандард: поврзете го DVI-влезот на телевизорот со HDMI-влезот на медиа приемникот со употреба на приложениот HDMI-кабел и со соодветен HDMI-DVI-адаптер*. Дополнително треба да ги поврзете медиа приемникот и телевизорот со аудио кабел*. |
| SCART RGB  | ★★★ | Доколку телевизорот е опремен со SCART-влез кој што поддржува RGB: поврзете го SCART-влезот на телевизорот и SCART OUT-излезот на медиа приемникот со употреба на приложениот SCART-кабел. |
| S-Video  | ★★ | Доколку телевизорот е опремен со S-Video-влез: поврзете го овој влез на телевизорот со S-Video-излезот на медиа приемникот со употреба на S-Video-кабел* (не е приложен во пакетот). Дополнително треба да ги поврзете медиа приемникот и телевизорот со аудио кабел. |
| SCART Composite  | ★ | Доколку телевизорот е опремен со SCART-влез којшто не поддржува RGB: поврзете го SCART-влезот на телевизорот и SCART-излезот на медиа приемникот со употреба на приложениот SCART-кабел. Врската тогаш се базира на композитен стандард. |

* Ваквата содржина не е приложена во пакетот на медиа приемникот.




# Детали за поврзувањата

## LAN-порта (мрежен приклучок)

Вашиот медиа приемник има LAN-порта (мрежен приклучок) со која се обезбедува пристап до MaxTV. За да бидете сигурни дека Вашиот медиа приемник е соодветно поврзан со уредот за интегриран пристап, внимавајте на следното:

### Каде се наоѓа приклучокот/излезот?

LAN-портата се наоѓа на задниот дел на медиа приемникот.

### Како да го приклучам?

Поврзете го едниот крај на дадениот мрежен кабел со уредот за интегриран пристап (вообичаено тоа е четвртата LAN-порта со жолта боја на Вашиот уред за интегриран пристап), а другиот крај со Вашиот медиа приемник. Внимавајте кога ќе ги приклучувате каблите тие соодветно да бидат влезени во портата, треба да чуете кликнување.







HDMI-кабел

## HDMI-порта

HDMI (High Definition Multimedia Interface) е дигитален интерфејс што овозможува видео резолуција до 1080i со едно поврзување. Доколку имате телевизор компатибилен со HDMI, можете да уживате во сите придобивки од оваа иновативна технологија.

### Каде се наоѓа приклучокот?

HDMI-портата се наоѓа на задната страна на медиа приемникот.

### Како да го приклучам?

Доколку имате телевизор компатибилен со HDMI, поврзете ги HDMI-влезот на телевизорот и HDMI-портата на медиа приемникот со употреба на приложениот HDMI-кабел.

**Забелешка: HDMI-портата е наменета за пренос на сигнали од медиа приемникот до телевизорот.**







## SCART-приклучок (SCART OUT)

Со SCART OUT-приклучокот можете да го поврзете медиа приемникот со телевизорот. SCART-стандардот овозможува аналоген аудио и видео квалитет, при што и аудио и видео сигналите се пренесуваат преку истата порта.

### Каде се наоѓа приклучокот?

SCART OUT-приклучокот се наоѓа на задната страна на медиа приемникот.

### Како да го поставам?

Користете го дадениот SCART-кабел за поврзување на SCART OUT-излезот на медиа приемникот со SCART IN-влезот на телевизорот.







## S-Video-излез

S-Video пренесува само видео сигнали. За да се пренесе соодветниот звук за видео сигналите, медиа приемникот мора да се поврзе одделно преку некои од аудио приклучоците како на пример со засилувач или hi-fi систем (види страна 16 „Аналоген стерео излез“ или на страна 17 „Дигитален аудио излез“).

### Каде се наоѓа приклучокот?

S-Video-излезот се наоѓа на задната страна на медиа приемникот.

### Како да го поставам?

Користете соодветен S-Video-кабел* за поврзување на S-Video-излезот на медиа приемникот со влезот на телевизорот, hi-fi системот или некој друг сличен уред.

* Ваквиот кабел за поврзување не е приложен во пакетот на медиа приемникот.







## Аналоген стерео излез (аналоген аудио излез)

Преку ваквиот аудио приклучок можете да ги слушате аналогните аудио сигнали од медиа приемникот како на пример со негово поврзување со hi-fi-систем или со засилувач. Покрај тоа, ваквите приклучоци се потребни за зголемување на квалитетот на звукот, кога телевизорот е поврзан со медиа приемникот преку S-Video-порта.

### Каде се наоѓа приклучокот?

Аналогниот стерео приклучок се наоѓа на задната страна на медиа приемникот.

### Како да го поставам?

Користете соодветен аудио кабел* за поврзување на медиа приемникот со засилувачот, hi-fi-системот или некој друг сличен уред. Поврзете ги каналите на двете страни L со L и R со R.

* Ваквиот кабел за поврзување не е приложен во пакетот на медиа приемникот.




Дигитален аудио кабел
(оптички)



## Дигитален аудио излез (оптички)

За да се постигне најдобар квалитет на звук, медиа приемникот може едноставно да се поврзе на дигитален hi-fi систем, дигитален засилувач или компатибилен уред. Врската може да се воспостави со употреба на оптички кабел *.

### Каде се наоѓаат приклучоците?

Дигиталниот аудио излез се наоѓа на задниот дел на медиа приемникот.

### Како се користат?

Поврзете го оптичкиот кабел* директно од Вашиот аудио систем на пример hi-fi систем со оптичкиот дигитален аудио излез на медиа приемникот.

* Ваквиот кабел за поврзување не е приложен во пакетот на медиа приемникот.







## USB–порти

Медиа приемникот располага со USB–порти, кои се подготвени за приклучување на надворешни USB–уреди. Вашиот USB–уред можете да го ставите во USB–портата на предната или на задната страна на медиа приемникот.

### Каде се наоѓаат приклучоците?

Медиа приемникот има две USB–порти; едната се наоѓа на предната страна на медиа приемникот десно, а другата се наоѓа на задната страна. Портата на предната страна е сместена под капакот означен со симболот за USB. За отворање на капакот, Ве молиме полека да го притиснете капакот од левата страна.

### Како се користи?

Поврзете го USB–кабелот* на USB–уредот со една од двете USB–порти на медиа приемникот.

**Забелешка:** Софтверот на уредот во моментов нема поддршка за надворешни USB–уреди. Веднаш штом ќе биде овозможена поддршката, истата ќе Ви биде на располагање по пат на автоматско ажурирање на софтверот на медиа приемникот.

* Ваквиот кабел за поврзување не е приложен во пакетот на медиа приемникот.







## eSata-порта

Медиа приемникот располага со eSata-порта, која е подготвена за приклучување на надворешни eSata-уреди, на пример за надворешни хард дискови.

### Каде се наоѓа приклучокот?

Медиа приемникот содржи eSata-порта на задната страна од приемникот веднаш под USB-портата.

### Како се користи?

Поврзете го eSata-кабелот* на eSata-уредот, на пример од надворешен хард диск со eSata-портата на медиа приемникот.

**Забелешка:** Софтверот на уредот во моментов нема поддршка за надворешните eSata-уреди. Веднаш штом ќе биде овозможена поддршката, истата ќе Ви биде ставена на располагање по пат на автоматско ажурирање на софтверот на медиа приемникот.

* Ваквиот кабел за поврзување не е приложен во пакетот на медиа приемникот.

# 3 Функционирање на медиа приемникот

## Далечински управувач

По вклучувањето контролирајте го медиа приемникот преку далечинскиот управувач. Распоредот на функциите на копчињата на далечинскиот управувач и прегледот на функционалностите кои што се на располагање се дадени на предната корица.

**Правилно насочување на далечинскиот управувач**
Далечинскиот управувач испраќа инфрацрвени сигнали до медиа приемникот. Сензорот што ги прима сигналите е поставен на предната страна на медиа приемникот. Секогаш насочете го далечинскиот управувач кон предниот дел од опремата.




**Препорака:** Далечинскиот управувач на Вашиот медиа приемник можете да го програмирате на тој начин што со истиот можете да управувате и со телевизорот (страна 22 „Програмирање на далечинскиот управувач“).

# Употреба на услугата MaxTV

1. Вклучете ги телевизорот и медиа приемникот.
2. Изберете го соодветниот надворешен извор на телевизорот. MaxTV може да се појави на различни извори слично како кај видео рекордерите (телевизорот може евентуално сам да го избере точниот извор).
3. Притиснете го копчето Menu за да го отворите главното мени на MaxTV.

### Навигација низ менито

1. Користете ги копчињата со стрелки за да се движите низ категориите од менито. Стрелката укажува на категоријата од менито на која моментално се наоѓате.
2. Движете се низ различните категории од менито со употреба на копчињата со стрелки. Моментално избраната категорија во менито е обележена со магента боја.
3. Потврдете го изборот на категоријата во менито со притискање на копчето OK, кое се наоѓа на далечинскиот управувач.

**Совет:** Притиснете го копчето Back за да се вратите еден чекор назад во менито. Со копчето Exit го затворате менито.

### Исклучување на медиа приемникот

1. Со притискање на копчето Power медиа приемникот преминува во состојба на приправност (Stand by). Во ваква состојба индикаторот од бела се вклучува во црвена боја.
2. Исклучете го телевизорот.

**Напомена:** Медиа приемникот мора да биде вклучен или поставен во приправност (Stand by) за да ги снима програмите кои се програмирани за снимање.

### Родителска контрола

Пристапот на содржините кои не се прилагодени за деца и млади лица до определена возраст е блокиран од страна на Македонски Телеком. За да ги вклучите треба да внесете 4-цифрен PIN. Дополнително, можете да заклучувате ТВ канали по сопствен избор со внесување на 4-цифрен PIN.

# Програмирање на далечинскиот управувач

Далечинскиот управувач на Вашиот медиа приемник можете да го програмирате на тој начин што со истиот можете да го управувате и Вашиот телевизор. За таа цел треба да го поврзете далечинскиот управувач со Вашиот телевизор. Ова може да се направи автоматски или мануелно.

Автоматско подесување

1. Вклучете го телевизорот.
2. Притиснете го копчето Mode на далечинскиот управувач и задржете го најмалку две секунди сѐ додека индикаторот светне двапати.
3. Внесете го кодот 001. Црвениот индикатор на далечинскиот управувач ќе светне двапати, со што се потврдува внесениот код.
4. Држете го Power копчето притиснато сѐ додека се исклучи телевизорот (овој процес може да трае до 5 минути).
5. Веднаш пуштете го копчето и притиснете го потоа копчето OK, за да го потврдите пронајдениот ТВ-код. Индикаторот трепка сѐ додека е активирано барањето на кодот.

Напомена: За време на пребарувањето можете да го притиснете копчето со стрелка (нагоре) најмногу пет пати, за да се врати поминатиот код. Ова може да Ви биде од корист ако по грешка или предолго сте го држеле Power копчето. Користете го копчето со стрелка (надолу), за понатаму повторно да пребарувате.

Ако за време на програмирањето не притиснете соодветно копче во наредните десет секунди, далечинскиот управувач автоматски се враќа во состојба според фабричките подесувања. Индикаторот свети две секунди.

Мануелно подесување

1 Вклучете го телевизорот.
2 Притиснете го копчето Mode на далечинскиот управувач и задржете го најмалку две секунди сѐ додека индикаторот светне двапати.
3 Внесете го троцифрениот код на Вашиот телевизор. Кодот ќе го најдете во „ТВ–база на податоци“ која започнува од страна 34. Индикаторот ќе светне двапати, со што се потврдува внесениот код.
4 Пробајте дали ќе се исклучи телевизорот на тој начин што ќе го притиснете копчето Power. Доколку не реагира телевизорот, повторете го програмирањето и внесете го следниот троцифрен код на производителот на телевизорот од табелата.
5 Ако ниту еден од наведените кодови не го управува Вашиот телевизор, користете го автоматското подесување како што е опишано на страна 23.

Напомена: Ако за време на програмирањето не притиснете соодветно копче во наредните десет секунди, далечинскиот управувач автоматски се враќа во состојба според фабричките подесувања. Индикаторот свети две секунди.

# Ресетирање на медиа приемникот

Со притискање на копчето Reset, кое се наоѓа на задната страна на медиа приемникот (страна 9), сите подесувања на корисникот се ресетираат во состојба на фабричките подесувања.

Следете ги наведените чекори за да го ресетирате медиа приемникот:

1 Исклучете го медиа приемникот со прекинувачот на електрична енергија на задната страна од уредот.
2 Притиснете го копчето за ресетирање и држете го, а истовремено додека го правите тоа, вклучете го повторно медиа приемникот со употреба на (Power) прекинувачот на електрична енергија на задната страна од уредот.
3 На телевизорот се појавува порака за автоматско преземање на софтвер. Сега отпуштете го копчето за ресетирање.
4 Следете ги инструкциите кои ќе се појават на екранот.

# 4 Додаток

## Гаранција

Уредот е во сопственост на Македонски Телеком и Ви е даден на употреба во рамките на MaxTV услугата. Во случај на дефект, имате право на поправка или замена на уредот.

Штетата настаната како резултат од неправилно ракување, употреба или чување, виша сила или други надворешни влијанија, е исклучена од условите во гаранцијата, а потрошните материјали во уредот како на пример копчиња или батерии на полнење не се под гаранција.

Во случај на појава на пречка на MaxTV услугата, Ве молиме истата да ја пријавите во службата за корисничка поддршка на бесплатниот телефонски број 080012345.

# Решавање на проблеми и лоцирање на грешки

Доколку опремата не работи како што треба, прочитајте ги информациите во долната табела за да се обидете да го решите проблемот.

| Проблем | Можна причина | Решение |
| --- | --- | --- |
| Не свети индикаторот на предниот дел од уредот, нема струја до уредот. | Кабелот за електрично напојување не е правилно вклучен. | Правилно вклучете го кабелот. |
| | Прекинувачот е исклучен. | Вклучете го прекинувачот на задната страна од уредот. |
| Ништо не се појавува на телевизорот. | Уредот е во Stand by. | Вклучете го уредот. |
| | Нема врска помеѓу медиа приемникот и телевизорот. | Проверете ја врската помеѓу медиа приемникот и телевизорот. Одберете го правилниот надворешен извор од телевизорот. |
| Нема звук. | Audio, SCART или HDMI– каблите не се правилно поврзани. | Проверете го поврзувањето. |
| | Јачината на тонот е наместена на 0. | Одберете повисоко ниво на јачина на звук. |
| | Звукот е исклучен. | Повторно притиснете го копчето Mute. |
| Далечинскиот управувач не работи. | Далечинскиот управувач не е правилно насочен. | Насочете го далечинскиот управувач кон предниот дел од опремата. |
| | Батериите се празни или се неправилно ставени. | Заменете ги батериите или ставете ги правилно. |
| Содржините од видеотеката се прикажуваат со лош квалитет. | Материјалот е заштитен со авторски права за поврзаниот DVD/видео рекордер уред. | Директно поврзете го телевизорот со медиа приемникот. Не го поврзувајте преку видео рекордер или DVD уред! |

# Служба за корисничка поддршка

Во случај на технички проблеми Ве молиме да се јавите на нашата 24 часовна линија за корисничка поддршка на бесплатниот телефонски број 080012345.

# Состојба на приправност (Stand by)/исклучен приемник

Со копчето Power на далечинскиот управувач или со притискање на копчето за вклучување/Stand by на предната страна на уредот, медиа приемникот можете да го ставите во состојба на приправност (Stand by). Под овој режим уредот не се исклучува целосно, па заштедата на електрична енергија е делумна.

Ваквата состојба на приправност (Stand by) е во согласност со регулативата (ЕЗ) бр. 1275/2008.

Медиа приемникот можете да го исклучите преку Power прекинувачот, кој се наоѓа на задната стана на уредот. Во овој случај не се троши електрична енергија.

Напомена: Постапката за вклучување на исклучен медиа приемник трае неколку минути.

# Чистење и одржување на медиа приемникот

Избришете ја опремата со влажна ткаенина или со антистатичка ткаенина. Избегнувајте да користите суви или мокри ткаенини! Никогаш не користете раствори, средства или прашоци за чистење! Тие ја оштетуваат опремата. Никогаш не ја потопувајте опремата во течности и не истурајте течност врз неа!

# CE симбол

Оваа опрема ги исполнува барањата предвидени со Директивата на ЕУ:

**2004/108/ЕЗ** (Директива на Европскиот парламент и на Советот за приближување на законите на земјите-членки во врска со електромагнетна компатибилност и за укинување на Директивата 89/336/ЕЕЗ),

**2006/95/ ЕЗ** (Директива на Европскиот парламент и на Советот за приближување на законите на земјите-членки за електрична опрема наменета за употреба во рамките на одредени граници на напон), како и

**2009/125/ ЕЗ** (Директива за воспоставување на рамка за утврдување на барања за екодизајн за производи кои користат електрична енергија).
CE симболот на уредот укажува дека производот е во согласност со горенаведените директиви.

# Правни напомени

**MP3** MPEG Layer-3 технологијата за аудио декодирање е лиценцирана од страна на Fraunhofer IIS и Thomson.

**MPEG-4** Овој производ е лиценциран со MPEG-4-Visual-Patent-Portfolio лиценца за лична, а не за комерцијална употреба од страна на корисникот, за да се кодираат (i) видео материјали во согласност со MPEG-4-видео стандардот („MPEG-4-Video“) и/или (ii) за да се декодира MPEG-4-видео материјал, кој бил кодиран од страна на корисникот за лични, а не за комерцијални цели и/или му бил обезбеден од страна на лиценциран видео провајдер преку MPEG LA за приспособување на MPEG-4-видео материјал. Лиценца за други цели на употреба не се дава ниту имплицитно ниту експлицитно. За повеќе информации, вклучувајќи ги и оние во врска со употребата за промотивни цели, за внатрешна и комерцијална примена како и за лиценцирање може да се добијат од MPEG LA, LLC.
Погледајте на интернет на http://www.mpegla.com.

**MPEG AVC** Овој производ е лиценциран со AVC-Patent-Portfolio- лиценца за лична, а не за комерцијална употреба од страна на корисникот, за да се кодираат (i) видео материјали во согласност со AVC-стандардот („AVC-Video“) и/или (ii) за да се декодира AVC-видео материјал, кој бил кодиран од страна на корисникот за лични, а не за комерцијални цели и/или му бил обезбеден од страна на видео провајдер со AVC лиценца. Лиценца за други цели на употреба не се дава ниту имплицитно ниту експлицитно. Повеќе информации може да се добијат од MPEG LA, LLC или на интернет на: http://www.mpegla.com.

**Dolby Digital** Произведено по лиценца на Dolby Laboratories. „Dolby Digital“ и ознаката со двојно D е регистрирана трговска ознака на Dolby Laboratories.

**HDMI** HDMI-логото и „High-Definition Media Interface“ се трговски ознаки односно регистрирани трговски ознаки на HDMI Licensing Д.О.О.

**Rovi Corporation** Овој производ содржи технологија за заштитата од копирање/умножување, која е заштитена со патенти и други права на интелектуална сопственост во САД од страна на фирмата Rovi Corporation. Забранети се “Инверзен инженеринг” и демонтажа.

Овој производ содржи технологија за заштита од копирање / умножување, која е заштитена со патенти и други права на интелектуална сопственост во САД од страна на фирмата Rovi Corporation. Забранети се „Инверзен инженеринг” и демонтажа.
Не го поврзувајте уредот преку видео рекордер со телевизорот.
Видео сигналите пренесувани преку видео рекордер може да се подложни на системи за заштита на авторски права заради што сликата на телевизорот ќе биде неквалитетна.

# Технички податоци

**Перформанси**

| | |
|---|---|
| Оперативен систем | Windows CE 5.0 |
| Безбедносен систем | MS DRM; CGMS-A; HDCP; Rovi |
| Функционирање | Инфрацрвено далечинско управување |
| Јазик | Македонски, англиски и албански |
| Аудио | WAV, WMA |
| Видео | MPEG-1, MPEG-4, WMV9, AVI |
| Слика | BMP, GIF, JPEG |
| Ажурирање | преку интернет пристап |
| Медиа процесор | Broadcom BCM7405, 400 Mhz |
| Flash-Меморија | 4 MB |
| SDRAM | 256 MB DDR2 |
| Ладење | пасивно |
| Складирање на медиум | 500 GB хард диск |

**Приклучоци за поврзување**

| | |
|---|---|
| Аналогно стерео | 2 x RCA, стерео (L, R) |
| Дигитален аудио | 1 x TosLink (оптичко) |
| LAN | 1 x RJ-45, 100 Mbit/s |
| HDMI | HDMI 1.3 со HDCP 1.1 процес за заштита од копирање за HDTV |
| SCART OUT | SCART OUT стерео аудио, RGB/CVBS |
| S-Video | S-Video 1 x Mini DIN |
| USB | 2 x USB 2.0 |
| eSata | 1 x eSata |

**Општи податоци**

| | |
|---|---|
| Влезно напојување: | AC 100 – 240 V, 50/60 Hz |
| Заштита: | Посебен внатрешен осигурувач и заштита од преголем напон |
| Потрошувачка на електрична енергија: | максимално 40 W |
| Прекинувач за електрична енергија: | Прекинувач на задната страна од уредот вклучување / исклучување |
| Видео стандарди: | Видео стандард PAL, HD 720p/1080i |
| Услови во просторијата: | 0°C до +35°C (кога работи), -20°C до +60°C (складиран) |
| Тежина: | 1 kg |
| Димензии: | 250 x 44 mm x 190 mm (широчина x висина x длабочина) |

# 5 Индекс


**Б**

Back-копче 21
Батерии 7, 26

**В**

Видео резолуција 1
Видео рекордер 14
Видео содржина 1, 26
Вклучување на уредот 8, 9, 10, 21

**Д**

Далечински управувач 7, 20, 22
Детали за поврзувањето
– аналогно стерео 16
– дигитално аудио 17
– eSata 19
– HDMI 13
– LAN (мрежно) 12
– SCART OUT 14
– S-Video 15
– USB 18
Дигитални аудио приклучоци 9, 17
Делови (содржина на пакетот) 6

**З**

Задна страна 9
Засилувач 15, 16, 17

**И**

Избегнување на неправилности 5
Инсталација 10
Интернет приклучок 5
Исклучување 22

**К**

Квалитет на слика 10
Копирање 26
Копчиња со стрелки 21

**Л**

LAN-приклучок 9, 10, 12
Лиценца 29
Локација на уредот 7
Лоцирање на грешки и прва помош 26

**М**

Материјална штета 5
MaxTV
– Стартување 21
– Мени 21
Мрежен приклучок 9, 12
Мрежен кабел 6, 12
Menu-копче 21
MP3 29

**Н**

Нематеријална штета 5

**О**

Одржување 28
OK-копче 21
Оперативен систем 30
Оптички влез 9, 17
Оптички кабел 17

**П**

Патенти 29
Поддршка за уредот 25, 27
Power-копче 8, 21, 27

Правни напомени 29
Предна страна 8
Предупредувања 5
Прекинувач на ел. енергија 9
Препорака 5
Приклучоци 9, 10, 11

**Р**

Ресетирање на медиа приемникот 24
Родителска контрола 21
Reset-копче 9, 24

**С**

SCART-приклучок 9, 11, 14
SCART-кабел 6
SCART-излез 9, 11, 14
Служба за корисничка поддршка 27
Совети 5
Содржина 2, 3
Содржина на пакетот (кутијата) 6
Состојба на приправност (Stand by) 22, 28
Сончева светлина 7
Stand by 8, 21, 27
Стерео излез 9, 17
S-Video-излез 9, 16

**Т**

Тел. бр. за корисничка поддршка 27
Температура во просторијата 7, 30
Технички услови 5
Технички податоци 30
ТВ-база на податоци 23, 33

**У**

Уред за интегриран пристап 5, 9, 10, 12
Употреба на MaxTV 21
USB-приклучоци 8, 9, 18
USB-уред 8, 9, 18

**Ф**

Функционирање на медиа приемникот 20

**Х**

HDMI-приклучок 9, 10, 11, 13
HDMI-кабел 6
HDTV-стандард 1
hi-fi-систем 16, 17

**Ц**

CE-симбол 28

**Ч**

Чистење 28

**Ш**

Штедење на енергија 27

# 6 ТВ–база на податоци

### A

| | |
|---|---|
| AEG | 507 779 |
| Aiwa | 169 251 439 |
| Akai | 147 150 155 217 246 259 286 382 384 395 413 427 432 435 437 439 492 508 509 520 661 701 763 804 814 820 |
| Alba | 147 155 159 217 269 286 294 339 341 413 432 435 439 468 734 757 780 790 |
| Amstrad | 148 155 377 604 806 |
| Audiosonic | 147 155 268 269 294 439 |

### B

| | |
|---|---|
| Bang & Olufsen | 439 568 586 |
| Baur | 155 246 247 250 258 259 361 377 437 438 439 446 476 512 553 560 562 641 648 653 |
| Beko | 268 269 275 413 414 416 460 506 508 509 516 525 706 707 780 782 820 |
| Benq | 709 |
| Blaupunkt | 150 159 244 246 247 250 251 255 258 259 263 279 280 282 438 |
| Braun | 446 832 |
| Brinkmann | 790 |
| Brionvega | 437 439 542 583 794 |
| Bush | 147 159 217 286 291 294 341 413 432 435 436 439 468 509 734 780 |

### C

| | |
|---|---|
| Clatronic | 147 155 221 269 286 362 439 508 509 790 799 |
| Conrac | 781 784 |
| Crown | 155 197 268 269 270 362 365 439 792 799 |

### D

| | |
|---|---|
| Daewoo | 155 158 163 165 166 167 168 169 170 171 222 439 442 466 468 526 |
| Dell | 777 |
| Denon | 770 |
| Denver | 155 |
| Dual | 147 155 271 272 361 377 437 439 457 458 464 468 479 |

### E

| | |
|---|---|
| Elite | 147 282 290 439 635 653 |
| Elta | 155 439 |

### F

| | |
|---|---|
| Ferguson | 179 216 246 247 259 274 280 310 312 360 373 403 405 437 438 439 481 484 540 553 560 562 641 648 653 659 698 699 702 706 707 731 788 803 805 820 822 826 827 828 831 834 |
| Fuji | 814 |
| Fujitsu | 240 272 563 781 784 804 814 |
| Fujitsu General | 272 814 |
| Fujitsu Siemens | 500 |
| Funai | 143 144 155 294 427 563 605 735 |

### G

| | |
|---|---|
| GE | 828 |
| Gericom | 347 754 |
| Goldstar (LG) | 152 155 159 213 220 |

246 269 272 290 294
363 437 439 450 456
508 509 526 626 702
793 804

Gorenje . . . . . 268 269

Graetz . . . . . 413 432 435 493

Grundig . . . . . 154 159 242 243 244 245 246 247 249 250 251 255 258 259 262 264 266 267 270 339 360 362 364 365 369 370 414 430 437 438 439 450 465 469 470 481 494 498 534 567 734 764

**H**

Haier . . . . . 184 292 296 300 470 635 639

Hanseatic . . . . . 155 169 258 268 271 361 437 439 457 468 488 526 735 793 794

Hitachi . . . . . 169 171 197 211 258 312 361 382 387 413 432 435 439 455 456 461 466 468 470 474 475 492 493 641 653 671 672 673 675 676 677 678 679 680 681 682 683 684 685 686 687 688 689 690 691 692 693 694 695 696 697 698 699 700 701 702 703 704 705 706 707 708 769 788 794 804 818 831

Hitachi Fujian . . . . . 673

Humax . . . . . 162 715 716 717 718 719 720 747 753

Hypervision . . . . . 497

Hyundai . . . . . 164 292 295 534 760 765 766 774

**I**

Interfunk . . . . . 221 269 279 368 437 438 439 582 589 641 790 822

ITT . . . . . 195 197 251 310 360 382 387 395 635 641 734 783 794 818

**J**

JVC . . . . . 200 201 202 203 204 205 206 207 208 209 286 439 635 783

**K**

Karcher . . . . . 155 268 270 439 526 528 547 800

Kendo . . . . . 155 413 432 435 439 473 506 526 734 741 794 795 799 814 815

Kenwood . . . . . 244

Körting . . . . . 268 269 270 583

**L**

Lenco . . . . . 155 156 158 173 294 439 486 799

LG . . . . . 465 492 493 508 509 526 529 532 603 618 619 620 621 622 623 625 626 627 628 630 631 666

Lifetec . . . . . 147 155 158 294 413 432 435 439 454 468 780

Loewe . . . . . 210 229 312 428 429 437 439 446 447 476 482 519 583 588

Logik . . . . . 310 731

Love . . . . . 216

Luxor . . . . . 155 284 363 368 382 384 387 390 392 393 398 413 432 435 475 523 539 783

**M**

Magnavox . . . . . . . . . . . . . . . . . . 438 439 445 702
Marantz . . . . . . . . . . . . . . . . 361 431 437 439 491
Matsui . . . . . . . . . . . . . . . . . 155 159 217 246 247 250 286 310 341 343 344 345 413 432 435 526 563 604 635 636 639 659 731 734 737
Medion . . . . . . . . . . . . . . . . . 382 383 413 432 435 437 468 492 507 508 509 510 543 661 763 780 781 784
Megatron . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 701
Metz . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 246 247 248 251 252 253 254 257 258 259 261 399 400 401 402 413 432 435 492 526 582 583 587 589 590 593 781
Mitsubishi . . . . . . . . . . . . . . 155 176 177 178 179 180 181 246 259 310 437 439 466 470 583

**N**

Nec . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 155 290 310 347 610 750 751 752 753
Neckermann . . . . . . . . . . . 155 202 210 221 246 247 251 258 269 270 279 361 437 438 439 449 450 468 526 552 553 560 562 583 734 735
New World . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 147
Nokia . . . . . . . . . . . . . . . . . . 146 155 284 285 286 290 294 368 382 384 386 387 388 389 390 391 392 393 395 396 397 398 439 450 583 635 641 783 790
Nordmende . . . . . . . . . . . 195 312 313 345 437 450 818 820 822 825 827 828 831

**O**

Onkyo . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 748
Orion . . . . . . . . . . . . . . . . . . 147 155 182 183 294 310 314 341 342 344 345 353 413 432 435 437 438 439 442 445 449 450 481 514 560 604 734 735 737 764 817
Otto Versand . . . . . . . . . . . 146 150 155 193 195 197 198 218 220 221 229 246 247 251 258 259 268 286 361 377 437 438 439 446 449 450 468 526 552 553 560 561 562 641 648 653 734 735 793 794 817 820 828

**P**

Pacific . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 345
Palladium . . . . . . . . . . . . . . 251 258 269 413 432 435 439
Panasonic . . . . . . . . . . . . . 149 150 225 226 227 228 229 230 231 232 233 234 235 236 237 238 239 246 254 258 259 437 439 788
Philips . . . . . . . . . . . . . . . . . 258 272 312 407 408 410 411 412 415 417 420 421 422 423 424 425 426 431 433 434 437 438 439 440 441 443 450 462 469 470 480 481 484 489 526 549 550 551 552 562 648 702 804 818 831
Phocus . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 414
Phoenix . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 439 449 450
Pioneer . . . . . . . . . . . . . . . . . 312 351 352 354 355 437 439 449 573 574 575 577 578 579 580 581 831

**Q**

Quelle . . . . . . . . . . . . . . . . . 150 155 202 220 229 246 247 251 258 259 269 270 272 274 279 280 281 282 284 310 360 363 365 367 377 387 390 392 395 398 413 427 431 432 435 437 438 439 446 449 450 476 526 552 553 560 562 565 604 641 648 653 734 735 780 789 798 814 828 834

**R**

Revox . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 365 437 439 476
RFT . . . . . . . . . . . . . . . . . . 147 268 271 273 437 453 583 797
Roadstar . . . . . . . . . . . . . . 147 155 268 294 341 413 427 432 435 438 439 449 450 465 508 509 538
Robotron . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 247

**S**

Saba . . . . . . . . . . . . . . . . . . 210 247 312 313 372 405 508 799 816 818 820 822 827 828 829 830 831
Sagem . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 730 738 741
Salora . . . . . . . . . . . . . . . . 284 363 382 383 387 390 391 392 394 395 398 446 517 635 783 804
Samsung . . . . . . . . . . . . . . 155 156 160 161 213 269 290 294 298 316 317 318 319 321 322 323 324 325 327 328 329 330 331 332 333 334 335 363 415 419 437 439 459 511 512 513 526 530 540 712 788 789 804
Sansui . . . . . . . . . . . . . . . . 155 290 294 310 437 439
Sanyo . . . . . . . . . . . . . . . . . . 155 213 269 271 274 310 361 413 432 435 492 493 508 528 547 583 632 633 634 635 636 637 638 639 640 641 642 659 788 797 798 804
Schaub Lorenz . . . . . . . . . . . . . . . . . . 413 432 435
Schneider . . . . . . . . . . . . . . 147 155 220 271 272 286 294 361 362 377 406 413 415 432 435 437 438 439 447 449 450 455 465 468 469 470 471 472 481 485 502 507 508 509 510 517 526 527 528 531 535 536 544 547 780
SEG . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 147 155 213 221 294 362 409 413 427 432 435 436 492 493 565 780 797 799
Sharp . . . . . . . . . . . . . . . . . . 185 186 187 188 189 190 191 192 193 194 195 196 197 198 199 437 439 653 689 794
Siemens . . . . . . . . . . . . . . . . 246 247 250 251 258 259 266 279 282 437 439 448 470 490 528 547 811
Sky . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 350 607 746 764
Sony . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 279 310 311 437 438 439 552 553 554 555 556 557 558 560 561 562 564 565 566
Staßfurt . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 797
Stern . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 271 272 814
Swisstec . . . . . . . . . . . . . . . 297 595 606 607 611 617 745 746 754 761 764

**T**
Tadistar . . . . 526
Talent . . . . 246 259
Tandberg . . . . 254 413 663 822
Targa . . . . 333
Tatung . . . . 159 211 310 326 424 437 439 449 475 517 524 528 539 541 547 584 707 788 804 805
Teak . . . . 155 437 439
Tec . . . . 155 158 220 221 272 811
Tech Line . . . . 427 799
Technics . . . . 439
Technisat . . . . 437 779 809
Technotrend . . . . 761
Telefunken . . . . 221 280 281 312 313 373 395 404 405 418 439 500 501 781 814 816 818 820 821 822 823 825 826 828 831 834
Telestar . . . . 155 528 547
Teletech . . . . 155 221 413 432 435 548 780
Tevion . . . . 413 432 435 468 508 509 528 547 611 661 749 753 763 780
Thomson . . . . 172 216 246 274 280 312 360 372 373 374 375 376 405 471 803 818 820 822 823 826 827 828 831 834
Toshiba . . . . 169 246 247 249 250 290 317 338 340 341 365 413 432 435 437 439 508 509 635 641 643 646 648 650 652 653 657 658 659 758 759
Tristar . . . . 147
Triumph . . . . 365 604

**U**
Uher . . . . 272 361 365 439 476 560 799 814
Universum . . . . 155 221 246 251 258 259 266 268 269 274 280 284 294 310 360 383 395 413 427 432 435 436 437 438 439 450 469 496 526 562 780 814

**V**
Vestel . . . . 409 413 424 427 432 435 436 439 450 454 455 492 493 780
Videoseven . . . . 563 764
ViewSonic . . . . 346 739
Voxson . . . . 365 439 526 583

**W**
Wega . . . . 583

**Z**
Zanussi . . . . 814
Zenith . . . . 439

# 7 Забелешки